Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ
Бр.0201-459/3
20.10 2021 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 45 од Статутот на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ, Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на седницата од 20.10.2021 година донесе

# *ОДЛУКА*

за распишување избори во Синдикалните организации и Синдикатот на УПОЗ

**Член 1**

Синдикатот на УПОЗ распишува избори во синдикалните организации и истите ќе се спроведат од **25.10 до 30.11.2021 година.**

## 1. ИЗБОРИ ВО СИНДИКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

*(ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ И ИЗВРШЕН ОДБОР)*

**Член 2**

Во синдикалните организации изборите се спроведуваат и опфаќаат:

1. Избор на претседател, заменик претседател и Извршен одбор на синдикална организација;

   - **Синдикална организација до 50 членови избира - три членови на ИО** *(претседател, заменик претседател и член)*;
   - **Синдикална организација до 100 членови избира - пет членови** на ИО *(претседател, заменик претседател и три члена)* и
   - **Синдикална организација над 100 членови избира - од пет до седум членови** на ИО *(претседател, заменик претседател и од три до пет членови на ИО)*;

2. **Совет на повереници** *(само во синдикалните организации кои имаат подружници)**

**Синдикалните подружници кои имаат над 10 члена, избираат свој повереник, а синдикалните подружници со помалку од 10 членови се групираат и*

*избираат свој повереник на ниво на регион/одделенија. Одлуката за избор на повереник на ниво на регион/одделение ја донесуваат членовите на Синдикатот на регионот/одделението.*

**Член 3**

Новоформираните синдикални организации и организациите кои имаат извршено избор меѓу 7-то Собрание и 8-от Конгрес не се должни да спроведат избори во нивните организации, се до истекот на нивниот мандат.

По предлогот за можен кандидат за Претседател на Синдикатот на УПОЗ, новоформираните синдикални организации се изјаснуваат преку Извшните одбори.

## 2. ОРГАНИ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

**Член 4**

Органи на Синдикатот на УПОЗ се:

- Конгрес;
- Претседателство;
- Извршен одбор;
- Надзорен одбор; и
- Статутарна комисија

# КОНГРЕС

**Член 5**

Критериумите за делегирање, како и бројот и структурата на делегатите на Осмиот конгрес ќе се утврди со посебна одлука на Претседателството.

Критериумите за избор на претседатели на одборите кои по функција ќе бидат членови на Претседателството, ќе бидат пропишани со посебна Одлука на Претседателството.

**Член 6**

Претседателството на Синдикатот на УПОЗ како највисок орган на Синдикатот меѓу два Конгреси го сочинуваат членови по функција и избрани членови.

Членови по функција се:

- Претседател на Синдикатот на УПОЗ;
- Генераленоиот секретар;
- Преставници на СО со над 250 членови;
- Одборот за административни службеници;
- Одборот за локалната самоуправа;
- Одборот на судска и јавно обвинителстка служба;
- Одборот за инспекциски служби;
- Одбор на КПУ и ВПУ.

# ИЗВРШЕН ОДБОР

**Член 7**

Извршниот одбор е извршен орган на Претседателството и него го избира Претседателството на предлог на претседателот на Синдикатот на УПОЗ.

# НАДЗОРЕН ОДБОР

**Член 8**

Надзорниот одбор се состои од три члена и тројца заменици, а од својот состав Надзорниот одбор избира претседател.

Изборите на членовите и нивните заменици го врши Конгресот од редот на предложените кандидати.

# СТАТАТУТАРНА КОМИСИЈА

**Член 9**

Статутарната комисија ја избира Претседателството на Синдикатот на УПОЗ и е составена од пет члена и исто толку заменици. Претседателот на Статутарната комисија се избира од редот на избраните членови.

## 3. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

**Член 10**

Претседателот на Синдикатот на УПОЗ го избира Конгресот.

Претседателството на Синдикатот на УПОЗ врз основа на ангажираноста и постигнатите резултати на членовите на Синдикатот, дава предлогот за можен кандидат за претседател на Синдикатот на УПОЗ и истиот го доставува на изјаснување до синдикалните организации.

На листата за можен кандидат за претседател на Синдикатот на УПОЗ можат да бидат само кандидати кои ќе бидат предложени најмалку од 1/3 од синдикалните организации во кои членуваат најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на Синдикатот на УПОЗ.

Можен кандидат за претседател на Синдикатот на УПОЗ не може да биде член, кој е активен во органите и телата на било која политичка партија и не е носител на јавна функција.

Мандатот на претседателот изнесува пет години со можност и право на повторен избор.

## 4. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

За спроведување на оваа Одлука ќе се донесе Упатство.

**Член 12**

Одлуката влегува на сила со денот на нејзиното донесување.

Синдикат на УПОЗ
Претседател
Пецо Грујовски